**20130681441**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Врз основа на член 33 став (7) од Законот за интероперабилност во железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/11), министерот за транспорт и врски донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА КАКО И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ РЕГИСТАР НА ВОЗИЛА ШТО ИМААТ ИЗДАДЕНО ПРВА ПОТВРДА ЗА ПУШТАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината, како и начинот на водење на Националниот регистар на возила што имаат издадено прва потврда за пуштање во употреба на територијата на Република Македонија.

Член 2

(1) Националниот регистар на возила што имаат издадено прва потврда за пуштање во употреба на територијата на Република Македонија ( во натамошниот текст: Регистар) се состои од евиденциски листови во А4 формат во кои се содржани следните податоци: реден број; име на правното лице сопственик или на имателот на железничко возило; податоци за правното лице со: адреса, поштенски број и град, телефон, факс, е-маил, регистарски број и даночен број; Европски број на возилото(ЕБВ); возила усогласени со ТСИ со:„ЕС” декларација за верификација/број, име на нотификационото тело, изјава за верификација/број, име на национално тело, усогласено со RIV, RIC, UIC или друго национално правило; тип на возило/број; ограничувања; и субјект задолжен за одржување со:име, адреса, телефон, факс и е-маил.

(2) Формата и содржината на регистарот се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Регистарот се води во електронска форма.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-3435 | Министер, |
| 12 април 2013 година | за транспорт и врски, |
| Скопје | **Миле Јанакиески,** с.р. |

Прилог

# РЕГИСТАР

## на возила што имаат прва потврда за пуштање во употреба на територијата на Република Македонија

| Реден број | Име на правното лице сопственик или на имателот на железничко возило | Податоци за правното лице | | | | | | | Европски број на возилото (ЕБВ) | Возила усогласен и со ТСИ | | Возила кои не се усогласени со ТСИ | | | Тип на возило /број | Ограничувања | Субјект задолжен за одржување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Адреса | Поштенски број и град | Телефон | Факс | Е-меил | Регистарски број | Даночен број | | „ЕС“ декларација за верификација/број | Име на нотификациското тело | Изјава за верификација/број | Име на национално тело | Усогласено со RIV, RIC, UIC или друго национално правило | | | Име | Адреса | Телефон | Факс | Е-меил |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |